AdWiseOnline **Водич**

# Биди паметен/-на - надитри ги онлајн рекламите и замките!

*Кликни на ликовите долу за да ги откриеш тајните!*




**Открij ги скриените трошоци на „бесплатните“ платформи**



**Внимавај на маркетинг замки**



**Знај си ги правата онлајн**

# Скриените трошоци на „бесплатните“ платформи

Голем број веб-страници, платформи на социјални медиуми и апликации, како YouTube, Instagram, TikTok или Roblox, се чини дека се целосно бесплатни. Но, тие не се вистински бесплатни.







**Компаниите користат паметни тактики за да заработат пари.**

# Скриените трошоци на „бесплатните“ платформи



## Онлајн реклами




Начините за заработка на пари вклучуваат рекламирање – некој бренд плаќа за да се прикаже рекламна порака или спонзорира филтер на некоја апликација за разменување пораки, како што е Snapchat.



## Лични податоци

Исто така, може да користат или да продадат лични податоци за тебе, на пример, за да можат да ти понудат реклама или објава што ќе ти се допадне.

**Компаниите веруваат дека ако ти се допадне рекламата, поверојатно е да го купиш нивниот производ.**

# Скриените трошоци на „бесплатните“ платформи

Сега, кога посетуваш веб-страници или апликации, тие се како дигитални детективи.






Тие собираат информации за тебе—твоето име, возраст, хобија, објави што ти се допаѓаат, сметки кои ги следиш, локација, поставени слики, па дури и податоци за твојот уред. Тие како, дел по дел, да составуваат профил.

# Скриените трошоци на „бесплатните“ платформи

## Твојот персонализиран профил



Компаниите честопати им пласираат реклами на млади потрошувачи, како што си ти. Зошто? Затоа што имаш некои супермоќи:

**џепарлак за трошење онлајн**

**способност да ги убедиш родителите да ти купат нешто**





## Важни се парите: инфлуенсери




Инфлуенсерите коишто ги следиш онлајн, на платформи како YouTube или TikTok, понекогаш се платени за да зборуваат за производи (облека, нега на кожата, играчки, храна, итн.), настани или дестинации за патување.



Многу инфлуенсери не ти кажуваат дека тоа е реклама (но треба да ти кажат!). Прават да изгледа како само да ги споделуваат своите реални мисли!

# Внимавај на маркетинг замки

## Важни се парите: играње игри

Во дигиталниот свет, кул игрите и виртуелните свратилишта (како метаверзумот) може да кријат некои реклами.

Ќе забележиш некои што се навистина очигледни, како

**скокачки реклами**




Други пак се помалку очигледни, како

**билборди или заднински изненадувања**






**Совет 1**



## Прашај се себеси

- Дали оваа објава се обидува да ми продаде нешто?
- Дали оваа информација звучи веродостојно?
- Колку чини во „вистински“ пари?



## Совет 2



# Приспособи ги поставките



- Приспособи ги поставките за приватност на твојот телефон, на апликациите или на игрите.
- Некои места ти овозможуваат да избереш да не ти се прикажуваат реклами, на пример, ако се регистрираш или ако платиш еднаш.
- Можеш да го исклучиш персонализираното снабдување со новости, за да ги промениш видовите објави што ти се прикажуваат.

## Совет 3



## Знај како трошиш

- Разговарај за онлајн трошењето со твоите родители или со некој возрасен кому му веруваш.
- Внимавај дали цените се прикажани во виртуелна или во реална валута.
- Увиди ги разликата и „реалниот трошок“ пред да одлучиш да купиш нешто.



## Совет 4




# Контролирај ги твоите податоци



- Внимавај на условите и одредбите на сите платформи што ги користиш.
- Побарај информации од компании коишто ги собираат твоите податоци.
- Побарај да ги исправат или избришат твоите податоци, или да прекинат да ги користат за маркетинг.

# Како млад човек, ти имаш права:



1 Да уживаш во времето поминато онлајн, да споделуваш информации, да гледаш забавна содржина и да играш игри без досадни реклами.






2 Личните податоци да ти бидат безбедни на социјалните медиуми, во апликациите и во игрите.

3 Да бидеш заштитен/-а од комерцијална експлоатација на социјалните медиуми, во апликациите и во игрите.

Тоа значи дека компаниите не може да се обидуваат да те манипулираат или да ти влијаат на начин што ти отежнува да донесеш одлука, на пример, да купиш некој производ од играта.

4 Да биде слушнат твојот глас кога се составуваат нови правила за онлајн светот и кога се дизајнираат нови алатки.

5 Да се пожалиш ако твоите права не се почитуваат.

# Инфлуенсерите и компаниите мора да го почитуваат правилата

Знај си ги правата онлајн






## Инфлуенсерите треба:

### Да бидат отворени за рекламите

Рекламите во видеата или сликите мора да бидат означени како реклами. Може да се користи #advertising или #ad, да се користат ознаки на брендовите, или да се користи известување во апликацијата.

## Компаниите треба:

### Да ги чуваат твоите податоци во приватност

Новите правила на ЕУ им забрануваат на онлајн платформите да ти прикажуваат реклами врз основа на тоа што го знаат за тебе.

### Да ги заштитат твоите информации

Компаниите мора да го ограничат количеството лични податоци што ги собираат, особено ако се користат за маркетинг.

## Компаниите не треба:

### Да играат со твоите емоции

Компаниите не смеат да се служат со трикови кои прават да се чувствуваш лошо или виновно за да те натераат да купиш нешто.

### Да ти вршат притисок

Рекламите не треба да ти вршат притисок за да купуваш работи, или да те поттикнуваат да ги прашуваш родителите. Тактиките, како што се тајмери со одбројување или итни понуди во игрите, не се дозволени.

## Пријави небезбедна содржина

- Пријави ја која било содржина што те загрижува или за која сметаш дека можеби е штетна.
- Дискутирај за овие ситуации со некого во кого имаш доверба.



## Побарај помош



Ако сметаш дека твоите права не се почитуваат, контактирај со твојот национален Центар за побезбеден интернет за помош со пријавувањето или за да стапиш во контакт со правата установа.

AdWiseOnline

За да дознаеш повеќе, погледни во ресурсите на AdWiseOnline!